Врз основа на член 19 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, согласно чл. 11 и 17 од Законот за стручно образование и обука (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 71/06), Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија на седницата одржана на 18.06.2008 година, д о н е с е

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И ПРОЦЕДУРАТА ЗА ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Член 1**

Со овој правилник се уредува содржината, формата и процедурата за потпишување на договорот за практична обука на учениците (во натамошниот текст: договор).

**Член 2**

Потписници на договорот се: работодавачот, ученикот, односно неговиот родител ако ученикот е малолетен и установата за стручно образование и обука (во натамошниот текст: установата).

**Член 3**

Содржината и формата на договорот е според Образец број 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Пред отпочнувањето на практична обука установата го изготвува договорот во шест идентични примероци и го доставува на потпис на секоја од страните учесчнички во договорот.

По потпишувањето на договорот по два примероци од договорот се за секоја од страните.

**Член 5**

Работодавачот обезбедува надоместок во согласност со условите во договорот.

**Член 6**

Секоја од страните кои го потпишале договорот може да го раскине, доколку не се почитуваат одредбите од договорот.

**Член 7**

Доколку работодавачот не е задоволен од однесувањето и работењето на ученикот ја известува установата со предлог за раскинување на договорот.

**Член 8**

Доколку ученикот, односно родителот не е задоволен од исполнувањето на одредбите од договорот може да го раскине договорот со работодавачот, за што ја известува установата со предлог за раскинување на договорот.

**Член 9**

Раскинување на договорот е по добивањето согласност од установата.

Установата во рок од 10 дена, од денот на приемот на известувањето од член 7 и 8 на овој правилник, одлучува за согласноста за раскинување на договорот.

**Член 10**

Установата, на ученикот на кој му е раскинат договорот или го раскинал договорот, му обезбедува практична обука кај друг работодавач.

**Член 11**

Установата, во рок од седум дена од денот на склучувањето на договорот, го доставува до Стопанската комора на Македонија која води Регистар на склучени договори за практична обука на учениците.

**Член 12**

Регистарот на склучени договори се води на Образец број 2, кој е составен дел на овој Правилник.

**Член 13**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото објавување на веб-страната на Стопанската комора на Македонија.

Бр. 08-1620/4
18.06.2008 год.
С к о п ј е

Претседател,
Бранко Азески